**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 14.03.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1191 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица

3. **Датум на извршување на надзорот:** 14 март 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на регионално ниво, со исклучок на регионот Д7, треба да биде најмалку 10 (десет), од кои 5 (пет) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка:** /

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: На 18.12.2017 година, од страна на анонимно физичко лице, стручната служба на Агенцијата телефонски беше известена дека регионалната телевизија ТВ Телеканал А1 која емитува програма во радиодифузниот регион Д4 - Боскија веќе извесен временски период не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во „Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување" (службена белешка бр.03-5597/1 од 19.12.2017 година).

   На 19.12.2017 година, Агенцијата со писмен допис (бр.03-5597/2) побара од ТРД Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи (во оригинал или копии заверени на нотар) од коишто ќе може да се констатира дека радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Според повратницата од Македонска пошта, дописот беше примен од страна на ТРД Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица на 25.12.2017 година, а рокот за доставување на документите истекуваше на 01.01.2018 година.

   Заклучно со 12.01.2018 година, до Агенцијата не беше доставена бараната документација, поради што радиодифузерот беше повторно известен (допис бр.03-377/1 од 15.01.2018 година) да ги достави претходно побараните документи, и тоа во рок од седум дена од денот на приемот на овој допис. Според повратницата од Македонска пошта, радиодифузерот го примил дописот на 17.01.2018 година, што значи дека рокот за доставување на документите истекуваше на 24.01.2018 година.

Имајќи предвид дека ТРД Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица не одговори ниту на ова барање од Агенцијата, на 13.02.2018 година до него беше испратен трет допис (бр.03-377/2), со кој му беше укажано дека е должен потребната документација да ја достави веднаш по приемот на дописот и дека доколку не постапи по него Агенцијата ќе покрене постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

На 13.03.2018 година, Македонска пошта го врати дописот назад во Агенцијата, а од податоците наведени на пликот од самиот допис, е видно дека Македонска пошта во два наврати (на 01.03.2018 и на 02.03.2018 година) го известила радиодифузерот да го подигне дописот, но истиот не го побарал.

7. **Предлог мерка:** Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), а во врска со член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој *„за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“*, се дава следната предлог мерка:

- директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***